НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128, 1000 Скопје Р.С.Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс: ++389 (0)2 2581824

**ЈП"Национални шуми"**
**Бр.02-130/2**
**14.02.2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 27 од Статутот, а во врска со член 75 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 24/19), Управниот одбор на ЈП"Национални шуми" на ден 14.02.2022 година ја доставува следната:

**ОДЛУКА**
**За измена и дополна на Планот за**
**јавни набавки за 2022 година**

**член 1**

Се врши измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2022 година усвоен со Одлука бр.02-81/4 од 24.01.2022 година од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми "Национални Шуми" - п.о. -Скопје и тоа во:

**II Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на Услуги** и тоа:

- Точка 9 предмет на договор за јавна набавка - **ШУМАРСКИ УСЛУГИ за фази: Сеча со дотур на дрвни сортименти** со проценета вредност во износ од 232.822.720,00 денари без ДДВ се менува во износ 260.996.060,00 денари без ДДВ.

**член 2**

Согласно измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2022 година, потребата за набавки во тековната 2022 година е со вкупна проценета вредност за сите ставки **635.522.349 денари без ДДВ**

**член 3**

Средствата за реализација на измените и дополнувањата донесени со оваа Одлука се сопствени средства на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми "Национални шуми" – Скопје, предвидени во актите за планирање и финансирање во 2022 година.

Согласно член 75 став 4 од Законот за јавни набавки, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

**член 4**

Останатите одредби од Одлуката бр.02-81/4 од 24.01.2022 година за усвојување на Планот за јавни набавки во 2022 годинана остануваат непроменети.

**член 5**

Составен дел на оваа одлука е табеларниот преглед на Планот за јавни набавки во 2022 година со проценета вредност за секоја предвидена набавка.

**член 6**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Ул. "Перо Наков" бр.128, 1000 Скопје Р.С.Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

***Образложение***

Согласно член 75 став 4 од Законот за јавни набавки, по потреба Договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни планот за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Врз основа на Планот за јавни набавки во 2022 година , донесен од Управен одбор со Одлука бр.02-81/4 од 24.01.2022 година, како и врз основа на Барање бр.09-23/11 од 11.02.2022 година од страна на Секторот за шумарство, се врши измена на проценетата вредност на истиот.

Од понапред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**Доставено до:**

- Сектори
- Архива

**Управен Одбор**
**Зам. Претседател,**
**Владимир Крстевски**